Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и точка 10 став 3 од Одлуката за начинот и методологијата на надзор на платните системи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/16), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

**УПАТСТВО**
**за изменување и дополнување на Упатството за известување од операторите на платните системи**

1. Во Упатството за известување од операторите на платните системи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/17) во точката 4, по ставот 1 се додава нов став 2 којшто гласи:

„По исклучок на ставот 1 од оваа точка, во случај кога има промена кај средствата обезбедени од платниот систем наменети за управување со ликвидносните ризици, операторот го доставува известувањето на табелата 6 од прилогот 1 од ова упатство, до 9 часот следниот работен ден по денот во кој е настаната промената на средствата“.

2. Во прилогот 1, табелата 6 се менува и гласи:

„**Табела 6: Состојба на средствата во гаранциски фонд во денари**

| Месец (ДД.ММ.ГГГГ) | Учесник во системот | Средства на учесникот (во денари) |
|---|---|---|
| | | |

“

3. Ова упатство влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 октомври 2017 година.

Бр. 2908/5 — Гувернер
15 септември 2017 година — Димитар Богов
Скопје